[redacted]

ИП1 бр.15-137
12.06.2023г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генералниот инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 од Законот за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр.89/2022"), по извршениот редовен инспекциски надзор на ден 28.04.2023 година во деловното седиште на правниот субјект Трговско Друштво за производство, трговија, шпедиција и услуги ГАЛЕКС ЛКД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, застапуван од одговорното лице Филип Кецкароски, а заради отстранување на недостатоците утврдени во Записникот за констатација ИП1 бр.15-137 од 28.04.2023г. и утврдените рокови во Решение ИП1 бр.15-137 од 03.05.2023 година донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се наредува на правниот субјект Трговско Друштво за производство, трговија, шпедиција и услуги ГАЛЕКС ЛКД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, застапуван од одговорното лице Филип Кецкароски во дополнителен рок да ги отстрани недостатоците утврдени со Записникот за констатација ИП1 бр.15-137 од 28.04.2023 година при што:

   -Да изврши усогласување со Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.36/2012), по што Елаборатот да биде доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина на мислење.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk
Тел: 075 404 410
Е-пошта: d.blinkov@sei.gov.mk

**РОК за реализирање на задолжението: 30 денови од приемот на решението.**

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина согласно член 200 став (4) од Законот за животната средина утврди дека не се постапува согласно Решението и не се отстранат причините настанати со донесувањето на решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд, како и ќе отпочне постапка за одземање на добиените дозволи и овластувања.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 06.06.2023 година, од страна на правниот субјект Трговско Друштво за производство, трговија, шпедиција и услуги ГАЛЕКС ЛКД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е доставено барање за одложување на рокот за реализирање поради природата на технолошкиот процес на правбиот субјект

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-137 од 12.06.2023 година.

Доставено до :
- Архива
- Галекс ЛКД

**ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

**Дарко БЛИНКОВ**